РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

14. 10. 2016

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“, број 27/15, 78/15,192/15, 27/16 и 120/16 ), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“, број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-011736/16 -0054 од 12.10.2016 година, донесен по спроведена отворена постапка со објавување на оглас број 08/2016, во хартиена форма со користење електронска аукција, за доделување на договор за набавка на моторни возила, како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

- Еуроимпекс ДОО увоз-извоз Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука број 05-011736/16-0002 од 29.03.2016 година за јавна набавка на моторни возила .
Износот на средствата од 20.000.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани и обезбедени со буџетот на Царинска управа на Република Македонија за 2016 година, на раздел 09003, сметка 787, програма 20, ставка 486.

Набавката се спроведе со отворена постапка во хартиена форма со објавување на оглас во ЕСЈН број 08/2016 и со примена на електронска аукција, согласно член 37 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05-011736/16 -0054 од 12.10.2016 година , со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот Еуроимпекс ДОО увоз-извоз Скопје со доставена понуда број 05-011736/16-0034 од 06.09.2016 година.

Изборот е извршен врз база на евалуирани 6 (шест) прифатливи понуди.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство
Согласно член 200, член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Наташа Радеска-Крстевска

Бр. 05-011736/16-0057
Скопје, 14. 10. 2016

Доставено во оригинал до:

- Председател на Комисија за јавни набавки
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Комисија за јавни набавки
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Билјана Ристовска
Одобрил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Цутески